**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**СПИ-18/20**
**13.07.2020 година**
**К у м а н о в о**

**До**
**Васко Маглешов, новинар во Призма.мк,**
**Бул:„ЈНА“ бр. 24-1/2 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер од 09.07.2020 година**

До овој суд, согласно на Законот за слободен пристап до информациите, Барање за пристап до информации од јавен карактер достави, Васко Маглешов, новинар во Призма.мк, Бул:„ЈНА“ бр. 24-1/2 Скопје, со кое побара да му биде доствена фотокопија од Пресуда КПП-401/17 на Основен суд Куманово,.

Во врска со вака доставеното Ваше Барање Ви доставуваме примерок од правосилна Пресуда КПП-401 /17 од 05.09.2017 година, на Основен суд Куманово, анонимизиран, согласно Упатството за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, (Сл.Весник на РМ бр.44 од 05.04.2011 година) на Министерството за правда.

**Одговорно лице за посредување**
**на информации од јавен карактер**
**при Основен Суд Куманово**
**Претседател на Основен Суд Куманово**
**Судија, Снежана Манев**

Бр.05.09.17

К-ПП-401/17

2 ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
ОСНОВЕН СУД – КУМАНОВО
05.09.17

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД КУМАНОВО** како првостепен кривичен суд, преку судијата на претходна постапка Весна Јовановска, со записничар Сокица Тодоровска, постапувајќи по предлог - спогодбата на ЈО на ОЈО Куманово и осомничениот Мирел Мртири од Р.А. со бранител адв. Сејфула Османи од Тетово, составена во ОЈО Куманово КО.бр.571/17 од 05.09.2017 година, по одржаното рочиште за оцена на предлог - спогодбата во присуство на ЈО на ОЈО Куманово и осомничениот Мирел Мртири од Р.А. со бранител адв. Сејфула Османи од Тетово, согласно чл.490 од ЗКП, на ден 05.09.2017 година,ја донесе и јавно објави во присуство на следната:

**П Р Е С У Д А**
**Врз основа на предлог - спогодба**

**ОСОМНИЧЕНИОТ:**

**МИРЕЛ МРТИРИ** роден на ... година, во Р.А., каде и живее, писмен со завршено средно образование, средно имотен, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело државјанин на Р.А., со ЕМБГ ...

**В И Н О В Е Н  Е**

**ЗАТОА ШТО:**
На ден 16.07.2017 година околу 17,10 часот во Куманово, осомничениот Мртини Мирел како учесник во сообраќајот на јавен пат-клучка од Автопат ГП-Табановце-Куманово и магистралниот пат Куманово-Крива Паланка, во својство на возач го управувал пмв Ренџ Ровер со рег.бр ..., национални ознаки на Р.А., сопственост на Л. од Т.. во насока кон К., при што не се придржувал кон прописите од чл.28 ст.2 од ЗБСП и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што ги довел во опасност животите на оштетените Д.М., Е.И., А.А., Л.М., Ј.В., Т. А.Љ., А.М., Џ. М., Н.Ф., М.Е., Љ.Л. и А.К., иако бил свесен дека со такво управување со возилото може да настапи штетна последица но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи ии дека таа нема да настапи на начин што иако бил должен не го држел возилото во движење што поблиску до десен раб на коловозот и на толкава оддалеченост од него што со оглед на брзината на движењето на возилото, својствата на патот, да не ги загрозува другите учесници во сообраќајот и на место на незгодата узгубил контрола на управување над возилото, поминал на левата страна на коловозот, при што со предел челен дел од пмв Ренџ Ровер со рег бр ... ударил во преден челен лев дел од автобусот марка Ман Р08 со рег бр ... сопственост на С.Р. ДПТУ од Г., по што од ударот се превртел на коловозот, а потоа ударил и во пмв марка Рено Лагуна, со рег.бр. ..., управувано од возачот Д.М., кое се движело во иста насдока задпмв Рено Ровер од која незгода патниците од возилото задобиле повреди и тоа-оштетените А.А-телесна повреда, Л.М.-тешка телесна повреда, оштетениот возач на пмв Рено Лагуна-Д.М.-телесна повреда, Н.Ф.-телесна повреда, М.Е.-телесна повреда Љ.Л.-телесна повреда, А.К.-телесна повреда и Е.И.-телесна повреда.

Со што осомничениот М.М. од Р.А. сторил едно кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.3 во врска со чл.297 ст.3 в.в со ст.1 од КЗ, со кое се предлага, судот на осомничениот му изрекува:

**ПАРИЧНА КАЗНА ОД 36.600 ДЕНАРИ**, согласно чл.40 од Кривичен Законик и Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник на РМ.бр.199/2014)

Согласно на чл.484 од КЗ, оштетените Д.М., И., А.А., Л.М., Ј.В., Т.А.Љ., А.М., Џ.М., Н.Ф., М.Е., Љ.Л. и А.К. и оштетената ДПТУ С.Р. од Г.-своето право на имотно правно побарување да го остварат во парична постапка.

Согласно на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП обвинетиот се задолжува да на име паушал на судот плати износ од 3.000 денари **ВЕДНАШ** по прием на пресудата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Јавен Обвинител на ОЈО донесе наредба за спроведување на истрага КО бр. 571/17 од 05.09.2017 година, против осомничениот Мирел Мртири од Р.А. поради основано сомневање дека истиот сторил кривично дело - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.3 во врска со чл.297 ст.4 во врска со ст.1 од КЗ.

Кон предлог - спогодбата, Јавниот обвинител на Судот му ги достави следните докази:

Изјава за признавање на вина, Службена белешка, Записник за увид на лице место и Кривична пријава со сите списи.

Судот изврши увид во предлог-спогодбата и утврди дека истата ги содржи елементите предвидени во чл.485 од ЗКП.

Со предлог-спогодбата се предлага судијата на претходна постапка да го огласи за виновен осомничениот Мирел Мртири од Р.А. за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.3 во врска со чл.297 ст.4 в во врска со ст.1 од КЗ, опишано во изреката од оваа пресуда и судот на осомничениот му изрече: Парична казна во износ од 36.600 денари, согласно чл.40 од Кривичен Законик и Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник на РМ.бр.199/2014)

Согласно на чл.484 од КЗ, оштетените Д.М., И., А.А., Л.М., Ј.В., Т.А.Љ., А.М., Џ. М., Н.Ф., М.Е., Љ.Л. и А.К. и оштетената ДПТУ С.Р. од Г.-своето право на имотно правно побарување да го остварат во парична постапка.

Во предлог - спогодбата е наведено дека осомничениот е согласен да ги поднесе трошоците на кривичната постапка во износ од 3.000 денари.

Предлог - спогодбата, содржи изјава на осомничениот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог - спогодбата и последиците што произлегуваат од неа, заедничка изјава на ЈО на ОЈО и осомничениот дека се откажуваат од правото на жалба доколку судот ја прифати предлог - спогодбата и донесе пресуда врз основа на истата.

Предлог - спогодбата е составена во ОЈО Куманово на ден 05.09.2017 година, во присуство на ЈО на ОЈО Куманово, осомничениот Мирел Мртири од Р.А. и неговиот бранител адв. Сејфула Османи од Тетово и дека истите своерачно ја имаат потпишано.

На одржаното рочиште за оцена на предлог-спогодбата, на кое подносителите на предлог - спогодбата и бранителот на обвинетиот, претходно поучени во смисла на чл.488 од ЗКП се произнесоа во врска со истата, судот утврди дека предлог - спогодбата е доброволно поднесена, дека осомничениот е свесен за правните

последици од нејзиното прифаќање, за последиците во врска со трошоците на кривичната постапка.

Имено, осомничениот се произнесе дека на донесената пресуда врз основа на предлог - спогодба нема право на жалба и во целост ќе ги надомести судските паушални трошоци на постапката во висина и рок определени од судот.

Откако судот пристапи кон увид и во доставените докази од страна на Јавниот обвинител, утврди дека е оправдано изрекувањето на предложената кривична санкција по однос на видот и висината на кривичната санкција, па одлучи да ја прифати предлог-спогодбата и донесе пресуда со која осомничениот Мирел Мртири од Р.А. го огласи виновен за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.3 во врска со чл.297 ст.4 во врска со ст.1 од КЗ и судот на осомничениот му изрекува: Парична казна во износ од 36.600 денари, согласно чл.40 од Кривичен Законик и Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник на РМ.бр.199/2014)

Согласно на чл.484 од КЗ, оштетените Д.М., И., А.А., Л.М., Ј.В., Т.А.Љ., А.М., Џ. М., Н.Ф., М.Е., Љ.Л. и А.К. и оштетената ДПТУ С.Р. од Г.-своето право на имотно правно побарување да го остварат во парична постапка.

Согласно на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП обвинетиот се задолжува да на име паушал на судот плати износ од 3.000 денари **ВЕДНАШ** по прием на пресудата.

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО К-ПП-401/17 од 05.09.2017 година.**

**Записничар,** | **Судија на претходна постапка,**
---|---
**с.р. Сокица Тодоровска** | **с.р. Весна Јовановска**

ПОУКА: Против пресудата не е дозволена жалба.

Ако оштетениот не е задоволен од одлуката за видот и висината на досуденото имотноправно барање своето право може да го остварува во парнична постапка.